Точка 4
25-то Годишно Генерално Собрание на акционери, 29/04/2015

ОКТА АД – Скопје
Бр.0201-
29.04.2015

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 25 став 1 точка 3 и член 43 од Статутот на ОКТА и член 344 став 1,3,4 и 5, член 365 став 1 и член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговски друштва, Годишното Генерално Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својот 25-ти состанок одржан на 29.04.2015 година ја донесе следната

ОДЛУКА
За избор на член
на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје

Член 1

Се констатира дека г-ѓа Тхеодора Пападимитроу, член на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје, на ден 19.12.2014 година поднесе оставка до Претседавачот на Собранието на акционери на ОКТА.

Разгледувајќи го предлогот даден од мнозинскиот акционер за избор на член на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје,

**Г-дин Иоаннис Героуланос**

се избира за член на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје, за мандатен период од 6 (шест) години почнувајќи од 29.04.2015 година.

Член 2

Според вообичаената пракса, за секој состанок ќе бидат платени патните трошоци и трошоците за сместување за неизвршните и независните членови на Одборот на директори. За членовите на Одборот кои се вработени во групата на компании на Хеленик Петролеум кои патуваат од Грција до Скопје за да учествуваат на состанокот на Одборот на директори, овој надоместок за секој состанок има карактер на службено патување, а не на надомест.

Дополнително, неизвршните и неизвршните независни членови на Одборот на директори ќе примат надоместок еднаш годишно во нето износ од 5.000 (петилјади) евра. Овој износ е според искажаната желба на главниот акционер и кореспондира со ¾ од годишниот надоместок на членовите на Одборот на директори на акционерската компанија. Никаква друга компензација над тој износ нема да биде дадена.

Член 3

Се овластува Вијолета Радовиќ да ја поднесе пријавата за упис во трговскиот регистар.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Годишно Генерално Собрание на акционери
Претседавач